**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-365/6**
**Скопје, 19.09.2006 година**

**ДО**
**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд), за 2005 година, кои се прикажани на страните од 12 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Бошко Китановски - Директор од 20.01.2003 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во во периодот од 17.04. до 06.06.2005 година

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразено мислење.

10. Добиени се забелешки по Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи под број 05-442/1 од 01.08.2006 година. Истите се разгледани и забелешките по точка 10.3.1. делумно се прифаќаат, додека забелешките по точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.3, 10.1.5, 10.2.1. и 10.2.2. се одбиваат како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Фондот врз основа на Спогодба за соработка и за начинот на задршката од пензиите на корисниците на пензија-членови на здруженијата на пензионерите здружени во СЗПМ за солидарните фондови и членарина на здруженијата, врши задршка од пензија за солидарни фондови и членарина при исплатата на пензиите на корисниците, спротивно на Одлуката на Уставен суд за Укинување на Одлука за условите и начинот за сервисирање на солидарниот фонд на корисниците на пензија донесена од страна на Управниот одбор на Фондот на 13.07.2001 година. Поради вршењето задршки од пензиите без законски основ, во текот на 2005 година префрлени се средства на пензионерските здруженија во износ од 428.406 илјади денари, од кои на име на солидарен фонд за посмртен фонд во износ од 371.490 илјади денари и износ од 56.916 илади денари на име членарина за покривање на трошоците на здруженијата за вршење на оваа функција, за кои средства не се има увид во нивното трошење.

На деведесет и седмата седница на Владата на Република Македонија одржана на 25.04.2006 година, врз основа на иницијатива на Сојузот на пензионерите на Македонија, донесен е заклучок Министерството за труд и социјала во соработка со Фондот да предложат правна основа и механизам, со кој средствата кои се прибираат по основ на членарина и за солидарните фондови на здруженијата на пензионерите, да се собираат и сервисиират во рамките на Фондот.

**Препорака:**

Во соработка со Министерството за труд и социјала да се иницира утврдување на законски основ за задршките од пензија за солидарни фондови и членарина со закон, како и со закон да се овласти Фондот или друг орган да ги уредува прашањата за начинот на користење на овие средства и следење на наменското и законското користење на средствата исплатени по овој основ.

11.1.2. Ревизијата утврди дека во Подрачните единици Валандово, Гостивар, Неготино, Тетово и Ресен вработени се десет извршители на работни задачи повеќе од предвидениот број со Одлуката за организација и систематизација на работните места во стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидскоко осигурување за односните подрачни единици, иако на ниво на Фондот не постои целосна пополнетост на работните места, спротивно на одредбите на наведената Одлука. Со овие вработувања исплаќани се средства спротивно на законската регулатива.

**Препорака:**
Вработувањето да се врши согласно позитивната законска регулатива, како и Одлуката за организација и систематизација на работните места во стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување да се усогласува со потребата од нови работни места.

11.1.3. Врз основа на одобрение од Министерството за труд и социјална политика број 08-3620/02 од 21.08.2002 година, извршена е исплата на плати по основ на поголемо месечно право за исплата на плати од законски утврденото, спротивно на член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија. Поради воспоставениот начин на пресметка на платите незаконски исплатени се средства во вкупен износ од 9.229 илјади денари.

**Препорака:**
Исплата на платите да се врши во согласност со позитивната законска регулатива.

11.1.4. Фондот нема сознание за висината на побарувањата по основ на дивиденда за акциите и уделите добиени согласно Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, спротивно на одредбите за Користење на податоците од Законот за централен регистар, согласно кој податоците можат да ги користат сите физички и правни лица. Податоците не се прибавени од причини што за истите Фондот треба да издвои дополнителни финансиски средства во износ од 1.200 илјади денари, поради што Фондот нема евидентирано побарувања од друштвата по овој основ.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Фондот доставено е Барање број 12-6223/1 од 24.11.2005 година до Централниот регистар на Република Македонија за обезбедување на податоци за финансискиот резултат од работењето на претпријатијата во кои Фондот има акции и удели и неговата распределба.

11.1.5. Фондот во текот на 2005 година има склучено од 30 до 60 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а на за привремени и повремени работни задачи. Со писмо број 04-876/1 од 10.02.2005 година до Министерството за финансии, побарана е согласност за 30 нови вработувања и со Ургенција од 10.02.2005 година за уште 5 нови вработувања, за кои во текот на 2005 година не е добиена согласност. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 8.647 илјади денари, како и

неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

**Препорака:**
Фондот да обезбеди соодветно почитување на законските акти од областа на ангажирањето на лица по договор за дело, а потребата од нови вработувања да ја врши во соработка со Министерството за финансии согласно позитивната законска регулатива.

***11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела;***

11.2.1. Постои неусогласеност помеѓу почетната состојбата на позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2005 година, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основните сметководствени начела на парично искажување во минати години и неизвршено усогласување на сметките при промената на истите, неусогласеноста во износ од 326.041 илјади денари во 2005 година е пренесена на позицијата Пасивни временски разграничувања.

**Препорака:**
Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2005 година согласно начелото на парично искажување и да се изврши усогласување на сметките.

11.2.2. Фондот и во текот на 2005 година не врши усогласување на неизмирените обврски кон Фондот за здравствено осигурување на име придонес за здравствено осигурување за исплатени пензии и на побарувањата од Фондот за здравствено осигурување по основ на придонес за пензиско и инвалидско осигурување за корисниците за надоместок од плата за време на привремена спреченост од работа, поради неправилна примена од страна на Фондот за здравствено осигурување на член 180 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Имено, Фондот за здравствено осигурување пресметува и исплаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување на корисниците за време на привремена спреченост од работа на износот на висината на надоместокот од плата, а не на висината на основицата од која е пресметан надоместокот на платата.

Поради непревземање на мерки и активности согласно Законот за облигациони односи за наплата на реалните износи на побарувањата од Фондот за здравствено осигурување, постојат можности овие побарувања да неможат да се наплатат поради застареност.

**Препорака:**
Во согласност со Законот за облигациони односи, да се превземат активности за наплата на реалниот износ на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување кој го утврдува Законот за пензиското и инвалидското осигурување за корисниците кои примаат надоместок од плата за време на привремена спреченост од работа.

***11.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:***

11.3.1. ***Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки***

Не е спроведена постапка за јавна набавка во вкупен износ од 7.943 илјади денари, од кои по договори од минати години исплатени се средства во износ од 7.223 илјади денари за одржување на комјутерска опрема, за која намена во месец октомври 2005 година склучен е договор (Прилог број 1).

Изградбата на новиот административно-деловен објект за потребите на стручната служба на Фондот започната во 2002 година, со Договор за изведување на градежни и занаетчиски работи од 11.06.2002 година, склучен со непосредна спогодба со Зам Инжинеринг Скопје, стопирана со Одлука за стопирање на изградба на Управен одбор на Фондот од 24.12.2002 година, е продолжена во текот на 2005 година.
Извршена е сопственичка трансформација на градежното земјиште и со Решение на Министерството за транспорт и врски бр.16-108/2 од 10.10.2005 година на Фондот правото на користење на градежно земјиште е трансформирано во право на сопственост.
Врз основа на Извештајот од Работната група за утврдената фактичката состојба врз основа на доставената документација за изградба на деловниот објект на Фондот и Мислењето на Стручната служба на Фондот за правните и економските последици од донесување Одлука за понатамошните дејствија во однос на градбата на деловниот објект на Фондот, Управниот одбор на Триесет и четвртата седница на 09.06.2005 година донел Заклучок со кој Одлуката за стопирање на изградба ја ставил вон сила и го задолжил Директорот за редовно информирање на Управниот одбор за реализацијата т.е. за понатамошните дејствија кои ќе бидат превземени во врска со изградбата на деловниот објект.
Заклучно со 31.12.2002 година Фондот реализирал 73,47% од договорените обврски, односно исплатени се средства во вкупен износ од 112.385 илјади денари од кои средства износот од 49.203 илјади денари Фондот го платил директно на други добавувачи и тоа:

- за купување на недвижен имот исплатени се средства во износ од 45.722 илјади денари од сметката на Фондот – одредба која согласно член 4 став 6 алинеа 1 доколку е исполнета од страна на Фондот не е обврска на Изведувачот,
- за данок на имот средства во износ од 1.372 илјади денари,

додека останатите средства во износ од 65.291 илјади денари се исплатени:

- за адвокатски услуги средства во износ од 1.445 илјади денари,
- за вршење надзор средства во износ од 664 илјади денари,
- за Изведувачот средства во износ од 63.182 илјади денари, од кои средства Изведувачот реализирал обврски - предмер на извршени работи во износ од 17.517 илјади денари.

Во однос на вкупно исплатените средства во корист на Изведувачот во износ од 65.291 илјади денари, Изведувачот исполнил 26,83% (17.517 илјади денари) од договорените обврски.

И покрај разидувањето во однос на реализацијата на договорните обврски, со образложение на Управен одбор за можна судска разврска која временски би била долга, можни несакани правни и финансиски последици, на ден 28.07.2005 година склучен е Анекс бр.2 кон Договорот за изведување на градежни и занаетчиски работи од 2002 година со кој Анекс се врши исправка, дополнување и измена на одредени одредби на основниот Договорот и градбата на објектот е продолжена.
Со Анекс договорот направени се следните измени:

- вкупната површина на објектот е зголемена за 716 м2 (од 6.618 м2 на 7.333 м2) со што износот на договорот е зголемен за 332.684 ЕУР или за 20.460 илјади денари (од 5.526.990 ЕУР на 5.859.674 ЕУР);
- во член 4 од Анексот изменет е член 12 од основниот договор каде Изведувачот се обврзал заклучно со 10.11.2005 година да ги заврши градежните работи до фаза затворена карабина;
- во член 5 од Анексот изменет е член 15 став 1 точка 12 од основниот договор, со што се задолжува Инвеститорот да обезбеди авансна гаранција за квалитетно извршување на работите и обврските по Договорот во износ еднаков на уплатените парични средства.

  Уплатените парични средства од страна на Фондот до денот на потпишување на Анексот кон основниот договор се во износ од 153.776 илјади денари, од кои средства за износ од 65.954 илјади денари Инвеститорот требал да обезбеди авансна гаранција. Обезбедената гаранција е на износ од 32.093 илјади денари, (односно за износот на директно уплатените средства на жиро сметка на Изведувачот, а не и за средствата што Фондот ги плаќал директно на други добавувачи, а чии обврски согласно Договорот се на Изведувачот).

Ревизијата е на мислење дека со склучувањето на Анекс договорот не се превземени доволно мерки за надминување на веќе констатираните правни и економски последици на Работната група за утврдената фактичка состојба и Мислењето на Стручната служба на Фондот.

До крајот на 2005 година Фондот исплатил на име деловен објект средства во износ од 191.932 илјади денари, од кои средствата Фондот плаќал директно на други добавувачи износ од 91.258 илјади денари, на Изведувачот средства во износ од 100.647 илјади денари. Изведувачот согласно известувањата од страна на надзорниот орган извел градежни работи во вредност од 60.497 илјади денари, односно реализацијата од страна на изведувачот изнесува 60,09%.
Динамиката на исплата на средства во износ од 191.932 илјади денари од страна на Фондот е следната:

- во минати години износ од 138.078 илјади денари и
- во 2005 година износ од 53.854 илјади денари,

додека реализацијата на договорот од страна на изведувачот во износ од 60.497 илјади денари, согласно известувањата од страна на надзорниот орган е следната:

- Предмер на извршени работи на објектот на ПИОМ заклучно со 31.12.2002 година на износ од 17.517 илјади денари и
- Извештај со процена на извршените градежни работи на објектот на ПИОМ заклучно со 31.12.2005 година на износ од 42.980 илјади денари.

Ревизијата е на мислење дека со продолжување на градбата на деловниот објект задоволен е јавниот интерес, односно: ќе се намалат проблемите во работењето на Фондот, ќе се намалат трошоците на Фондот, корисниците на пензија како и обврзниците по основ на пензиско и инвалидско осигурување ќе добијат поквалитетни услуги, но од аспект на законската регулатива:

- продолжена е реализација на договор кој во 2002 година е склучен со непосредна спогодба, со што Фондот не обезбедил слобода на пазарот за останатите понудувачи, согласно одредбите од Уставот на Република Македонија, спротивно на член 6 од Законот за јавни набавки;

- за цената на градба која е договорена по метар квадратен во износ од 930 ЕУР нема реални согледувања за пазарната цена која би се постигнала со понуда од повеќе изведувачи;
- не е постапено по Мислењето на стручната служба во однос на неисполнување на Договорот за правна помош и реализацијата на одредбите од договорот и не се превземени мерки за враќање на износот исплатен на име правна помош во износ од 1.445 илјади денари, намален за износот на веќе извршените услуги.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

На Сто и петтата седница на Владата на Република Македонија одржана на 12.06.2006 година, усвоена е Информацијата за обезбедување на финансиски средства за изградба на деловниот објект на Фондот и донесен е заклучок со кој Фондот може да ги користи средства заради конечна реализација на изградбата на административно-деловниот објект на Фондот.

12. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење кај Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Фондот и тоа:
   - Во тек се судски постапки во кои тужител е Фондот за повеќе исплатени средства за пензии, неисплатени закупнини, нарушено владение, сопственост на акции и удели, надомест на штета, за износ од 24.854 илјади денари и 9 судски постапки со неопределена вредност. Исто така поведени се судски постапки во кои тужен е Фондот, и тоа со вредност од 67.105 илјади денари и 24 судски постапки за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот;
   - Судски спор со Сојузот на синдикатите на Македонија, за утврдување на правото на сопственост на објект, зграда - кат 1 и 2 кој го користи Фондот, започнат во 1997 година. Во сметководствената евиденција на Фондот објектот е евидентиран како капитално средство-градежен објект со сегашна вредност во износ од 9.007 илјади денари.
     На ден 09.05.2006 година во имотен лист бр.40345 за КО Центар I, како носител на правото на сопственост на недвижноста во јавните книги е запишан Сојузот на синдикатите на Македонија. Спорот пред Основен суд Скопје I Скопје продолжува.
   - Судскиот спор со АД РИК "Силекс" - Кратово, за утврдување на правото на сопственост на идеална третина од Хотел "Галеб" - Струга и Хотел "Плажа" – Струга и право на користење на соодветен дел од дворните површини каде се изградени наведените хотели, поведен во текот на 1992 година завршен е со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија донесена на 24.12.2003 година, примена од страна на Фондот на ден 07.06.2004

година, со која е изгубено правото на сопственост на идеална третина над хотелите Галеб и Плажа.

Во текот на 2005 година тужбеното барање поднесено од страна на Фондот за поништување на Решението со кое е извршен упис на припојување на УП„Галеб„-Струга кон РИК„Силекс„-Кратово, е одбиено како неосновано од Основниот суд во Куманово. Во тек е постапка по жалба на Фондот пред Апелационен суд Скопје.

15. Со примена на постапките за независно усогласување за побарувањата, од вкупно испратените конфирмации добиени се 18,18% и истите се усогласени со евиденцијата на Фондот. Со примена на постапките за независно усогласување за обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 55,56% од кои 70% се усогласени, додека 30% не се усогласени со евиденцијата на Фондот.

16. Врз основа на Делбен Биланс на Агенцијата на Република Македонија за приватизација, а согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, непродадените акции и удели сопственост на Агенцијата за приватизација на Република Македонија се пренесени на Фондот. Централниот депозитар за хартии од вреност ги пренел сите акции кои до згаснувањето на Агенцијата биле регистрирани на сметката на Агенцијата, освен 126 блокирани за пренос.

    Преносот на сопственоста е извршен на:

    - Приоритетни акции добиени од претпријатија по основ на договори за приватизација за износот на непродадениот општествен капитал, без претходно предадена документација од страна на Министерството за финансии за реализацијата на договорите, со што Фондот нема точен увид за износот на реализацијата на истите и за делот на непродадените акции;
    - Акции од акционерски друштва за кои плаќањето се одвива под повластени услови, која евиденција од Агенцијата со евиденцијата добиена од Централниот депозитар за хартии од вреност не е идентична, од причини што претходните сопственици немаат доставено информација за промена на сопственоста во акционерските книги во Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар;
    - акции резервирани за поранешни сопственици, без претходно да се бидат разрешени барањата за денационализација од поранешните сопственици од страна на Министерството за финансии, за кои Агенцијата била должна истите да им ги предаде на поранешните сопственици, заедно со дивиденда, доколку со правосилна пресуда се уважени барањата за денационализација. Во евиденцијата на Фондот се пренесени врз основа на документацијата од Агенцијата.

    За наведените состојби Фондот доставил Барања за дополнителни информации до Министерство за финансии - Сектор за управување со капитал заради непречено работење со истите и елиминирање на евентуални идни проблеми. Исто така и покрај ургенциите со писма доставени до друштвата, Фондот како правен наследник на акциите и уделите сопственост на Агенцијата за приватизација на Република Македонија, се соочува со нецелосна и неажурирана евиденција за наведените акции и удели.

17. Со Извештај за промена на сметката на Фондот што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност од 27.12.2005 година, од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност Фондот е известен дека е извршена трансакција на 1.416 обични акции што Фондот ги поседувал во Тетовска Банка АД Тетово по основ на основачки влог во банката.

Трансакцијата е извршена со налог за продажба од страна на Министерството за финансии - Сектор за управување со капитал (Известување за продажба бр.14-36072/1 од 12.12.2005 година до Централниот депозитар за хартии од вредност) за продажба на 10.661 обични акции на Тетовска Банка АД Тетово во кои се вклучени и акциите на Фондот.

Централниот депозитар за хартии од вредност трансакцијата ја извршил без претходно да ја констатира сопственоста на акциите понудени за продажба, односно со налог од Министерството за финансии, во кој налог Министерството се повикало на член 9 од Законот за приватизација на државниот капитал согласно кој ….*„продажбата на државниот капитал изразен во акции и удели ….. во банките и финансиските институции ја спроведува Министерство за финансии.„……„продажбата на акции и удели се врши во пакет или делови а налог за продажба , кога продажбата се врши преку јавна берзантска аукција го издава…….министерот за финансии„.*

Меѓутоа согласно член 2 став 4 од истиот закон Министерството не е овластено да врши продажба на акции сопственост на Фондот. Имено во наведениот член *„Под државен капитал во смисла на овој закон се сметаат акциите и уделите на Република Македонија и органите на државната власт во претпријатијата и банките*, односно трговските друштва стекнати по различни основи во согласност со закон„, а во член 2а е прецизирано *„Под органи на државна власт* во смисла на овој закон се подразбираат корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, Министерствата и другите органи на државната управа, Агенции, Фондови, *со исклучок на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија*….„.

За извршената трансакцијата Фондот доставил Барање до Министерството за финансии - Сектор за управување со капитал за разрешување на настанатата ситуација, за што до завршувањето на ревизијата не е добиен одговор од страна на Министерството.

Фондот нема превземено мерки до надлежните институции за утврдување на ништавност на продажбата, со што Централниот депозитар за хартии од вредност би извршил измена во Акционерската книга на друштвото или би извршил префрлање на средствата остварени со продажбата преку берзантската трансакција.

Во сметководствената евиденција на Фондот акции се евидентирани како долгорочни пласмани со номинална вредност во износ од 16.870 илјади ден.

18. Од досегашната пракса, во случај на стечај или ликвидација над фирми кои имаат заостаната неизмирена обврска за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, истиот останува ненаплатен поради непоседување на имот на фирмите и покрај превземените мерки за доплата од страна на ПИОМ, со што вработените за перидот за кои не е измирена обврската од страна на фирмата, не можат да остварат право на пензија.

19. Во Фондот нема соодветна евиденција за наши државјани, корисници на странска пензија по основ на загубена работна способност стекната само врз основа на стаж остварен во странска држава, кои засноват редовен работен однос во земјата, спротивно на одредбите од Законот за работни односи. За ваквиот вид на пензиски исплати не е предвидена законска обврска за евиденција од страна на Фондот.

    Фондот во текот на 2005 година достави барања до Фондовите за пензиско и инвалидско осигурување во другите држави за доставување на списоци на наши државјани-корисници на пензија по овој основ од односната држава. Со доставувањето на овие податоци до Агенцијата за вработување на Република

Македонија би се оневозможила злоупотребата на законската регулатива, односно би се оневозможило засновање на работен однос на овие лица на територија на Република Македонија.

20. Состојбата во врска со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој, објектите наменети за одмор и рекреација на корисниците на пензија и други објекти кои согласно член 179-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се државна сопственост и со кои управува Фондот, не е променета во текот на 2005 година и во 23 домови и 9 клубови и понатаму управуваат и стопанисуваат здруженијата на пензионери, клубот во Кочани е во владение на општина Кочани, за клубовите во Струга и Крива Паланка не е познат владетелот.
    Со Записник за примопредавање на домови за живеење на корисниците на пензија во Гевгелија број 03-72 од 03.02.2005 година, Јавното Претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на Република Македонија домовите за живеење во Гевгелија ги предава на стопанисување и управување на Фондот. Одлуката за бришење на стамбен простор од сметководствена евиденција број 02-1423/1-4 на Управниот Одбор на Јавното Претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на Република Македонија ја донел на ден 08.02.2006 година.
    Поведените судски постапки од минати години за утврдување на правото на сопственост од страна на Здруженијата на пензионерите како тужители против Фондот и Република Македонија како тужени, во текот на 2005 година немаат конечен исход и тоа за домови во општина Кисела Вода Скопје, Гостивар, Делчево и за објектот во Претор.
    Во 2005 година пред Основниот суд Битола поведена е судска постапка за утврдување на правото на сопственост и предавање владение на недвижен имот од страна на Република Македонија против Сојузот на здружението на инвалиди на трудот на РМ – Здружение на инвалиди Битола и Здружението на пензионери – Битола, во кој спор Фондот се јавува како вмешувач, од причина што согласно член 21 од Законот за измени и дополнувања на Законот на пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник 14/95), со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој, објектите наменети за одмор и рекреација на корисцните на пензија и други објекти што се државна сопственост, управува Фондот. Постапката пред Основниот суд Битола е заклучена на ден 21.04.2006 година и се чека Одлука на судот.

21. За дел од капиталните средства на Фондот, во тек е постапка за обезбедување на имотни (поседовни листови), согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, од причини што доставените имотни (поседовни листови) од страна на Државен Завод за геодетски работи не одговараат на фактичката состојба и иститите треба да се изложат на јавен увид заради утврдување на правата на недвижностите согласно законот.

22. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2004 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.3, 10.1.4, 10.1.6, 10.3.1,10.4.1, 10.4.2, од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности, а за констаттациите во точките 10.1.5. и 10.2.1. Фондот не превземал мерки за отстранување на истите.

23. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Фондот во текот на ревизијата:

- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2005 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2005 година.
- По завршувањето на ревизијата Фондот изврши корекции на одделни состојби на сметките во главната книга во 2006 година по дадени исправки од страна на ревизијата кои што како ефекти од ревизијата ја намалуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2005 година за 1.161 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 3 од 04.01.2006 година.

**Скопје, 05.09.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 20,566,354 | 20,434,598 |
| Неданочни приходи | 62,628 | 55,931 |
| Трансфери и донации | 8,605,279 | 8,925,566 |
| Продажба на хартии од вредност | 27,647 | 50,915 |
| **Вкупно приходи** | **29,261,908** | **29,467,010** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 199,982 | 196,029 |
| Стоки и услуги | 162,510 | 159,412 |
| Субвенции и трансфери | 10,990 | 64,448 |
| Социјални бенефиции | 28,578,115 | 28,640,168 |
| **Вкупно тековни расходи** | **28,951,597** | **29,060,057** |
| **Капитални расходи** | 77,309 | 56,754 |
| **Вкупно расходи** | **29,028,906** | **29,116,811** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **233,002** | **350,199** |

## Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 233,002 | 350,199 |
| Хартии од вредност | 51,000 | 0 |
| Побарувања | 760,810 | 754,830 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 1,477 | 380 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 86,080 | 133,205 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 2,442 | 2,488 |
| Активни временски разграничувања | 3,139,092 | 3,104,435 |
| Залихи | 2,074 | 2,514 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,275,977** | **4,348,051** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 24,128 | 221,083 |
| Природни богатства | 47,094 | 47,094 |
| Материјални средства во подготовка | 144,838 | 90,984 |
| Долгорочни пласмани | 10,565,567 | 7,401,787 |
| **Вкупно капитални средства** | **10,781,627** | **7,760,948** |
| **Вкупна актива** | **15,057,604** | **12,108,999** |
| **Вонбилансна евиденција-актива** | **136,590** | **122,065** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 31,165 | 42,687 |
| Краткорочни обврски по резерви | 11,533 | 2,207 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 353 | 357 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 730,810 | 661,309 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 291 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 2,443 | 2,488 |
| Пасивни временски разграничувања | 3,497,308 | 3,310,448 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **4,273,903** | **4,019,496** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 10,783,701 | 8,089,503 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **10,783,701** | **8,089,503** |
| **Вкупна пасива** | **15,057,604** | **12,108,999** |
| **Вонбилансна евиденција-пасива** | **136,590** | **122,065** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **542,080** | **7,547,423** | **8,089,503** |
| **Зголемување по основ на:** | **254,998** | **3,023,109** | **3,278,107** |
| Набавки | 17,879 | 9,836 | **27,715** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 53,854 | | **53,854** |
| Донација | 39,463 | | **39,463** |
| Пренес од Агенција | | | **-** |
| Корекции по ревизија 2004 година | 25,168 | | **25,168** |
| Промена на номинална вредност | | 2,071 | **2,071** |
| Превземени средства од Агенција за прива | 201 | 3,011,165 | **3,011,366** |
| Корекции по ревизија 2005 година | 118,433 | | **118,433** |
| Вишок по попис | | 37 | **37** |
| **Намалување по основ на:** | **357,540** | **226,369** | **583,909** |
| Преотстапени материјални средства | 19 | | **19** |
| Корекции по ревизија за 2004 година | 326,041 | 24,899 | **350,940** |
| Амортизација | 31,086 | | **31,086** |
| Потрошок | | 10,312 | **10,312** |
| Расход по попис | 184 | 1 | **185** |
| Промена на номинална вредност | | 21,962 | **21,962** |
| Продажба на хартии од вредност | | 49,811 | **49,811** |
| Корекции по ревизија за 2005 година | 210 | 119,384 | **119,594** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **439,538** | **10,344,163** | **10,783,701** |